


*Почитувани,*

Со задоволство Ве известуваме дека Нет.Бит стана првата ИТ компанија во Македонија која се здоби со меѓународен сертификат за управување со информатички услуги според стандардот ISO/IEC 20000.

ISO/IEC 20000 е меѓународен стандард за управување со ИТ услугите (ITSM – IT Service Management) заснован на рамката на ITIL (IT Infrastructure Library). Опишува интегриран склоп на управувачки процеси за ефективна испорака на ИТ услуги кон клиентите.

Во светски размери сè поголем е бројот на компании кои се сертифицираат според стандардот ISO/IEC 20000, како гаранција за квалитетот на нивните ИТ услуги. Некои од најпрестижните имиња како: SAP Hosting AG, Vodafone Group Services, Capgemini Outsourcing Services, T-Systems Enterprise Services, Hewlett-Packard Global Delivery Application Services, European Central Bank, The World Bank, Siemens IT Solutions and Services и други, се сертифицирани за испорака на услуги согласно со овој стандард.

Нет.Бит е еден од пионерите во воведувањето на ITIL и стандардот ISO/IEC 20000 во светски рамки, бидејќи нашиот тим првите имплементации ги има реализирано уште од 2003-та година. Во Македонија и регионот, Нет.Бит досега има над 35 клиенти за имплементација на стандардите ISO 20000 и други поврзани системи за управување. Нашата сертификација се однесува на обезбедување на датацентар и ИТ аутсорсинг услуги, кои се и главните услуги што ги обезбедува нашиот Датацентар во Велес.

Се надеваме дека ова ќе биде уште еден импулс за продлабочување на успешната соработка и во иднина.

*Со почит*
*Нет.Бит д.о.о*

**Нет-Бит д.о.о.** Чедомир Миндеровиќ 41, 1000 Скопје, Р. Македонија, тел/факс: +389 2 329 85 33, www.netbit.mk